# ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА
## 2016 - 2019

Скопје, 2019

Содржина

1. Вовед........................................................................................................ 2
2. Процес на самоевалуација ................................................................................ 4
3. Дејност на универзитетот ................................................................................ 11
3.1. Мисија и цели на ЕУ Скопје ........................................................................ 11
3.2. Опременост на ЕУ Скопје ........................................................................... 12
3.3. Наставни програми на ЕУ Скопје ................................................................. 13
3.4. Наставно-научен кадар на ЕУ Скопје ............................................................ 15
4. Квантитативен преглед на резултатите ............................................................ 19
4.1. Анализа на општиот прашалник за ЕУ Скопје ............................................... 19
4.2. Анализа на анкетата за наставниот и соработничкиот кадар .................... 25
5. Заклучни согледувања ...................................................................................... 39

# 1. Вовед

Со цел за натамошно унапредување на квалитетот во работењето, врз основа на член 55 од Законот за високо образование (,,Службен весник на РМ" бр.82/18), Европскиот универзитет Скопје (ЕУ Скопје) во текот на зимскиот семестар во академската 2019/20 година спроведе самоевалуација на универзитетот. Извештајот од самоевалуацијата се однесува на периодот од 2016 до 2019 година. Истиот треба да послужи, како материјал за споредба со резултатите добиени од претходните самоевалуации, но и со сите наредни самоевалуации. Составен дел од самоевалуацијата е анкетата на студентите за услугите на административниот кадар и квалитетот на академскиот и соработничкиот кадар, која се спроведе на сите единици во состав на ЕУ Скопје, во текот на втората половина од зимскиот семестар во академската 2019/20 година (т.е. во периодот од 16.12.2019 до 27.12.2019), за секој предмет одделно (која ја опфати и учебната 2018/2019 година). Самоевалуацијата е спроведена со цел да се согледаат достигнувањата од примената на најдобрите практики на високото образование во работење на универзитетот. ЕУ Скопје е целосно посветен на процесот на воведување на современи високообразовни стандарди со цел да понуди високо квалитетно образование за своите студенти.

Самоевалуацијата се спроведе со следните цели:

- *Евалуирање на академскиот кадар* (наставници, соработници и демонстратори) за да се измери нивното постигнување;
- *Евалуирање на службите и услугите на ЕУ Скопје* за се измери нивниот квалитет;
- *Добиените резултати* да послужат за согледување на работењето на академскиот кадар и службите, како и на услугите кои ги нуди универзитетот;
- *Разрешување* на откриените евентуални отстапки и *создавање* основа врз која ќе се оцени и подобри вкупното работење на ЕУ Скопје.

Постојат 3 фази на планот за самоевалуација кои ЕУ Скопје ги применува:

- Подготовка на план документ;
- Имплементација на планот преку анализа на проценка и активно планирање;
- Мониторинг на промените и подобувањата направени како резултат на активното планирање.

Главната функција на самоевалуацијата е современиот пристап кон остварување на квалитет во високото образование, што подразбира студентот да се јавува како учесник во целокупната наставно-образовна дејност, а не само како нејзин корисник. Планот за самоевалуација е подготвен со цел ЕУ Скопје да ја обезбеди својата одговорност пред неговите студенти, академскиот кадар, персоналот за поддршка и деловната средина.

Со планот за самоевалуација се одредува ефективноста на студиските програми на факултетите и на универзитетот како целина. Со планот се идентификуваат конкретните промени за подобрувања кои се еднакво потребни на сите нивоа, институционално, педагошко, административно, и се има за задача да се предложи практичен план за акција за да се остварат овие промени. Универзитетот е убеден дека посакуваните резултати можат да се добијат само преку успешно спроведен план за акција.

Планот за самоевалуација користи стандардизиран пристап за евалуација на крајните резултати, тој го перцепира сето ова како еден унифициран процес (една мисија за сите единици, еден збир на долгорочни цели за сите, и еден процес за самоевалуација). Планот за самоевалуација се смета како единствен стандардизиран процес на институцијата.

Првата фаза од имплементацијата на планот на самоевалуација е развиен од пишаниот план за самоевалуација и неговите прилози. Имплементацијата е реализирана преку спроведување на техники/инструменти на проценка на планот на самоевалуација, екстерни и интерни активности за проценка на планот на самоевалуација, анализа и вреднување на добиените резултати од проценката.

Имплементацијата на планот за самоевалуација, во услови на проценка на внатрешното опкружување, се реализира преку анализа на мисијата и широко поставените цели на универзитетот. Според анализата и вреднувањето на резултатите од проценката, како и индентификувањето на промените и неопходните подобрувања, ќе се подготват акционите планови за исполнување на идентификуваните промени и подобрувања и неопходните акции ќе бидат имплементирани.

Универзитетот очекува вистински резултати од реализацијата на акциониот план, а тоа се подобрени резултати на студентите (резултати од учењето, развој на вештини, резултати од личниот развој), зголемена оперативна ефективност (средина за учење, ефективност на наставникот и сл.), достигнување на стратегиски план на цели/намери, зголемено задоволсто на студентите и зголемено задоволство на академскиот кадар и останатите служби. ЕУ Скопје има за цел да ги исполни очекувањата на деловната средина која бара кандидатите да имаат способности и потребно знаење со кои би им помогнале на нивните компании да успеат во конкурентската глобална средина. Самоевалуацијата на универзитетот е дел од процесот за евалуација на неговиот квалитет и дел од постапката на акредитација согласно законските акти.

Современиот пристап за квалитетно високо образование подразбира студентот да се јавува како учесник во целокупната наставно-образовна дејност, а не само како нејзин корисник. Тоа наложува потреба од посветување внимание на значење на следниве елементи во реализирањето на наставно-образовниот процес:

• Предавањата да бидат разбирливи за студентите;

• Предавањата да бидат поткрепени со примери од практиката за да се реализира принципот на поврзаноста на теоријата и практиката, односно, студентите да се стекнат со применливи знаења;

• Проверката на стекнатите знаења треба да биде насочена кон откривање на знаењето, а не кон откривање на некои пропусти кои не се многу значајни за дадената научна област;

• Студентите можат објективно да го оценат академскиот кадар во однос на остварувањето на наставно-образовната дејност;

• Студентите можат објективно да го оценат нивото на квалитет и начинот на изведување на предавања и вежби, како и односот на академскиот кадар кон студентите и кон работата;

• Студентите можат објективно да го оценат функционирањето на студентските услуги (Службата за студентски прашања), информатичките центри, библиотеката, односот на деканите и деканатската управа, како и на Ректорот и Ректорската управа, заедно со Управниот одбор (менаџментот) кон нив.

Со потикнување на критички анализи и нови перспективи на активностите кои се реализираат во соодветните високообразовни установи во состав на универзитетот може да се постигнат целите, како и развивање на способности кај студентите за нивно независно и критичко мислење, како и способности за следење на развојот на сознанијата во научните области на соодветната студиска програма. Со еден збор, студентите треба да добијат употребливо знаење и вештини за негова апликација. Истовремено, со тоа високото образование добива прилив на нови идеи. Универзитетот мора да понуди истоветно квалитетно образование на сите студиски програми кои се нудат преку факултетите, што е и главна цел на препораките на Болоњската декларција.

Вклучувањето на студентите во донесување на одлуки ќе мора да стане суштествен дел на организациониот менаџмент на универзитетот, а не само формално исполнување на законската регулатива. Со нивната постојана промоција како партнери на сите нивоа, универзитетот ќе се здобие со значајно искуство во разрешување на различни проблеми, а со тоа и остварување на позитивни развојни процеси, предвидени со Болоњската декларација, односно поквалитетна реализација на неговата мисија.

Од овие причини, Комисијата за самоевалуација на универзитетот одобри да се спроведе анонимна студентска анкета на сите единици во состав на ЕУ Скопје. Ваква студентска анкета е спроведена за академскиот кадар, како еден од внатрешните механизми за обезбедување квалитет во високото образование. Во овој период, исто така се спроведе процес на самоевалуација на сите единици во состав на универзитетот и на самиот универзитет како една целина.

Преку Анкетните прашалници спроведени до студентите може да се добие повратна врска за различни аспекти поврзани со студирањето на студиските програми на соодветните факултети, мотивираноста на студентите, за односот на академскиот кадар кон студентите, нивната подготвеност за настава, користење на современи методи во пренесувањето на знаењата, како и други релевантни податоци.

## 2. Процес на самоевалуација

Самоевалуацијата помага да се идентификуваат јаките и слабите страни, предностите и недостатоците, која води кон зголемување на ефективноста во процесот на исполнување на мисијата на универзитетот, ја проширува нашата одговорност спрема студентите, академскиот кадар, административно-стручниот и техничкиот кадар, како и деловната средина, а ни гарантира постојан растеж. Процесот вклучува конкретно и јавно претставување на очекувањата, поставување рокови и соодветни критериуми и високи стандарди за квалитетно студирање, постојано и систематско собирање, анализирање и интерпретација на податоците со цел да се определи колку добро се совпаѓаат претходно поставените цели со моменталната состојба.

Со одлука на Универзитетскиот сенат на ЕУ Скопје, на седницата одржана на 06.12.2019 година, формирана е Комисија за самоевалуација во следниот состав:

1. Доц. д-р Игор Лазов – претседател, Факултет за информатика;
2. Доц. м-р Благојче Наумоски – член, Факултет за арт и дизајн;
3. Проф. д-р Савица Димитриеска – член, Факултет за економски науки;
4. Проф. д-р Марјан Богданоски – член, Факултет за детективи и криминалистика;
5. Доц. д-р Маријана Мирческа – член, Факултет за стоматологија;
6. Проф. д-р Живко Андревски – член, Факултет за правни науки;
7. Мартин Пупулковски – студент на Факултетот за стоматологија;
8. Кириана Мимичкоска – студент на Факултетот за информатика.

На секој од факултетите се формирани работни тимови предводени од членот на комисијата од дадениот факултет. Составен дел на секој од тимовите се и претставниците на студентите. Комисијата за самоевалуација на универзитетот, истата ја врши според условите утврдени со Статутот на ЕУ Скопје и согласно Правилникот за самоевалуација.

Оваа комисија е одговорна за академскиот дел од работата и има одговорност да го процени институционалниот прогрес и резултатите во целина.

Одговорности на комисијата се:

- ✓ да врши пренесување на взаемни информациии околу проценката;
- ✓ да послужи како ресурс за одделите по однос на проценката;
- ✓ да ги анализира и да даде преглед на извештаите и да спроведе повратни информации и сугестии;
- ✓ да работи со работните тимови на ЕУ Скопје;
- ✓ да направи преглед на плановите за преглед и проценка со цел да ја осигура нивната целосна имплементација;
- ✓ да ги мери директните и индиректните резултати и придобивки, и
- ✓ да дава подршка за проценката.

Предмет на самоевалуацијата беше академскиот кадар на ЕУ Скопје во целост, како и евалуирање на службите и услугите.

За успешно спроведување на целите се подготвени три прашалници и тоа:

***1. Анкетен прашалник за наставниците.*** Освен оценката за тоа колку студентите редовно доаѓале на наставата, беа поставени уште 7 прашања. Од студентите се бараше да ги „оценат“ наставниците во однос на тоа: 1) Дали е покажано знаење во наставната област? 2) Дали предавањата се јасни и разбирливи? 3) Дали начинот на презентирање на материјата е ефективен и го задржува вашето внимание? 4) Дали на часовите се разработува предвидената наставна програма за овој предмет? 5) Како го оценувате понудениот учебник (литература) за совладување на наставната програма? 6) Како ја оценувате реалноста на оценувањето од страна на наставникот? 7) Дали наставникот е на располагање за дополнителни консултации (лично или електронски)?

***2. Анкетен прашалник за соработниците/асистенти и демонстраторите.*** Освен оценката за тоа колку студентите редовно доаѓале на наставата, беа поставени уште 5 прашања. Од студентите се бараше да ги „оценат“ соработниците/асистентите во однос на тоа: 1) Дали е покажано знаење во наставната област? 2) Дали вежбите се јасни и разбирливи? 3) Дали начинот на презентирање на материјата е ефективен и го задржува вашето внимание? 4) Дали на часовите се разработува предвидената наставна програма за овој предмет? 5) Дали асистентот е на располагање за дополнителни консултации (лично или електронски)?

**3. *Општ анкетен прашалник за универзитетот.*** Со овој прашалник се бараше од студентите преку одговор на 14 прашања да дадат генерална оценка за универзитетот. Прашањата кои беа поставени се: 1) Дали чувствувате задоволство што сте дел од универзитетот? 2) Дали факултетот на кој студирате ги исполнува вашите очекувања? 3) Дали просторните услови и опременеоста на универзитетот одговара на потребите за современо студирање? 4) Дали услугите кои ги нуди универзитетот ви се постојано достапни? 5) Дали управниот одбор на универзитетот е достапен за студентите? 6) Колку сте задоволни од службата за студентски прашања? 7) Колку безбедноста и односот на вработените во службата за безбедност се задоволителни? 8) Колку правната служба е достапна за студентите? 9) Колку службата за сметководство и финансии е достапна за студентите? 10) Дали ресурсите и услугите од библиотеката се адекватни? 11) Дали сте задоволни од услугата на фотокопирницата? 12) Како ја оценувате web страницата на универзитетот? 13) Дали сте задоволни од хигиената на универзитетот? 14) Како го оценувате универзитетското студентско собрание (студентска организација)?

Во евалуацијата беа вклучени студентите од сите студиски години од прв и втор циклус. Студентите одговараа анонимно на сите три прашалници – еден за предметните наставници, еден за соработниците/асистентите и демонстраторите, и еден општ прашалник за евалуирање на службите и услугите на универзитетот.

Студентите одговораа со заокружување на бројка од 1-5 на еден од посакуваните одговори:

1 = Слабо;
2 = Доволно;
3 = Добро;
4 = Многу добро;
5 = Одлично;
(-) = „ Не можам да оценам“.

Во општиот прашалник наменет за оценување на општото опкружување, односно работење на универзитетот, им беше дадена можноста да се изјаснат дали би го препорачале универзитетот на некој близок односно пријател.

Студентите трабаше да одговорат со:

„Да“,
„Не“, и
„Не знам“

Анкетирањето на студентите е реализирано во периодот од 16.12.2019 до 27.12.2019 година, за студентите од првиот циклус на студии и за студентите од вториот циклус на студии, односно за време на втората половина од зимскиот семестар во академската 2019/20 година.

Со одговарање на горните прашалници се собираат податоци, каде очекуваме дека има променливост во тие податоци. Тие може да се сумираат во *статистичка распределба* која може да се опише преку *просечната оценка* од примерокот и *неизвесноста* придружена на примерокот. Така, резултатите кои имаат помала неизвесност би биле повеќе доследни, т.е. повеќе конзистентни.

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИОТ КАДАР**

**Факултет: ____________________________________________________________**

**(со заокружување на една бројка одбележете ги своите одговори)**

| **Семестар** | | **Професор** | | **Наставен предмет** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Колку редовно доаѓате на предавања по овој предмет? (да се изрази во %) | | | | 0 | 10 | 20 | 30 | 40 | 50 | 60 | 70 | 80 | 90 | 100 |

| **Оценка(1 - 5) (-) = Не можам да оценам** | **Слабо** | **Доволно** | **Добро** | **Многу добро** | **Одлично** | **-** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали е покажано познавање на наставната област? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали предавањата се јасни и разбирливи? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали начинот на презентирање на материјата е ефективен и го задржува вашето внимание? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали на часовите се разработува предвидената наставна програма за тој предмет? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Како го оценувате понудениот учебник (литература) за совладување на наставната програма? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Како ја оценувате реалноста на оценувањето од страна на наставникот? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали наставникот е на располагање за дополнителни консултации (лично или електронски)? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |

| **Семестар** | | **Професор** | | **Наставен предмет** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Колку редовно доаѓате на предавања по овој предмет? (да се изрази во %) | | | | 0 | 10 | 20 | 30 | 40 | 50 | 60 | 70 | 80 | 90 | 100 |

| **Оценка(1 - 5) (-) = Не можам да оценам** | **Слабо** | **Доволно** | **Добро** | **Многу добро** | **Одлично** | **-** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали е покажано познавање на наставната област? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали предавањата се јасни и разбирливи? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали начинот на презентирање на материјата е ефективен и го задржува вашето внимание? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали на часовите се разработува предвидената наставна програма за тој предмет? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Како го оценувате понудениот учебник (литература) за совладување на наставната програма? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Како ја оценувате реалноста на оценувањето од страна на наставникот? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали наставникот е на располагање за дополнителни консултации (лично или електронски)? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |

***Ваши дополнителни коментари :***

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

*(Вашата информација е вреднувана!)*

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА АСИСТЕНТСКИОТ КАДАР**

**Факултет:**___________________________________________________________

**(со заокружување на една бројка одбележете ги своите одговори)**

| Семестар | | Асистент | | Наставен предмет | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Колку редовно доаѓате на вежби по овој предмет? (да се изрази во %) | 0 | 10 | 20 | 30 | 40 | 50 | 60 | 70 | 80 | 90 | 100 |

| Оценка(1 - 5) (-) = Не можам да оценам | Слабо | Доволно | Добро | Многу добро | Одлично | - |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали е покажано познавање на наставната област? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали вежбите се јасни и разбирливи? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали начинот на презентирање на материјата е ефективен и го задржува вашето внимание? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали на часовите се разработува предвидената наставна програма за тој предмет? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали асистентот е на располагање за дополнителни консултации (лично или електронски)? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |

| Семестар | | Асистент | | Наставен предмет | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Колку редовно доаѓате на вежби по овој предмет? (да се изрази во %) | 0 | 10 | 20 | 30 | 40 | 50 | 60 | 70 | 80 | 90 | 100 |

| Оценка(1 - 5) (-) = Не можам да оценам | Слабо | Доволно | Добро | Многу добро | Одлично | - |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали е покажано познавање на наставната област? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали вежбите се јасни и разбирливи? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали начинот на презентирање на материјата е ефективен и го задржува вашето внимание? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали на часовите се разработува предвидената наставна програма за тој предмет? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| Дали асистентот е на располагање за дополнителни консултации (лично или електронски)? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |

***Ваши дополнителни коментари :***

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

*(Вашата информација е вреднувана!)*

**ОПШТ АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА СТУДЕНТИТЕ НА**
**Европски Универзитет - Скопје**

Анкетниот прашалник е анонимен.

Ве молиме одговорете со заокружување на една бројка од 1 - 5 на секое од дадените прашања.

**1 = Слабо; 2 = Недоволно; 3 = Добро ; 4 = Многу добро; 5 = Одлично; (-) = Не можам да оценам.**

## I. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ:

Студирам на Факултетот за ____________________________________

Која студиска година слушате (заокружи): 1 2 3 4 5

## II. ПРАШАЊА ЗА УНИВЕРЗИТЕТСКО ОПКРУЖУВАЊЕ:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали чувствувате задоволство што сте дел од универзитетот? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 2 | Дали факултетот на кој студирате ги исполнува вашите очекувања? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 3 | Дали просторните услови и опременоста на универзитетот одговараат на потребите за современо студирање? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 4 | Дали услугите кои ги нуди универзитетот ви се постојано достапни? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 5 | Дали управниот одбор на универзитетот е достапен за студентите? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 6 | Колку сте задоволни од службата за студентски прашања? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 7 | Колку безбедноста и односот на вработените во службата за безбедност се задоволителни? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 8 | Колку правната служба е достапна за студентите? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 9 | Колку службата за сметководство и финансии е достапна за студентите? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 10 | Дали ресурсите и услугите од библиотеката се адекватни? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 11 | Дали сте задоволни од услугата на фотокопирницата? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 12 | Како ја оценувате web страницата на универзитетот? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 13 | Дали сте задоволни од хигиената на универзитетот? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |
| 14 | Како го оценувате универзитетското студентско собрание (студентска организација)? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | - |

## III. ДАЛИ БИ ГО ПРЕПОРАЧАЛЕ ЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА НЕКОЈ ВАШ КОЛЕГА ШТО ТРЕБА ДА СТУДИРА (ЗАОКРУЖИ):

1. **Да**
2. **Не**
3. **Не знам**

Вашкоментар - Сугестија(штотребадасесмениили подобри) :

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

**Ви Благодариме на соработката и пополнувањето на прашалникот.**

# 3. Дејност на Универзитетот

За високото образование кое го нуди ЕУ Скопје треба да се истакне дека студентите се стремат да постигнат личен успех и да станат дел од младите интелектуалци кои ќе остварат личен просперитет и ќе придонесуваат за развојот на општеството во целина. На студентите на универзитетот им се обезбедува академско искуство од највисок квалитет. Насоченоста води да се постигне знаење кое покрај за личното промовирање, ќе придонесе за промовирање и подобрување на јавната перцепција за вредноста на високото образование.

Универзитетот своето работење го остварува според акредитирани студиски програми, со постојано настојување да се унапреди пристапот кон студентите и на истите да им се овозможи стекнување знаење. При ова се користени најновите научни и наставни сознанија и практики од богатата традиција на европските, американските и македонските универзитети.

Активностите на универзитетот се спроведуваат во согласност со Законот за високото образование и се насочени кон остварување на процесот на:

1. Високото образование;
2. Научните и истражувачките активности;
3. Следење на европските и интернационалните образовни движења;
4. Остварување соработка со високообразовни институции во земјата и во странство;
5. Евалуација според европските и интернационалните студии;
6. Организирање на меѓународни научни конференции;
7. Реализирање на практичната настава на студентите.

## 3.1. Мисија и цели на ЕУ Скопје

Мисијата на универзитетот е обезбедување висок квалитет во образованието, еднаков со квалитетот на најдобрите образовни институции во Европа и во светот. Универзитетот им овозможува на студентите да се стекнат со силна академска основа со пристап до различни знаења од научните области кои се предмет на изучување на факултетите при ЕУ Скопје и да се подготват да бидат продуктивни и компетентни професионалци, и одговорни граѓани во разновидната и динамичната глобална околина.

Универзитетот ги развива следниве цели:

1. Да се има постојано високо ниво на знаење;
2. Да овозможи континуиран академски развој;
3. Постојано да се унапредува образовниот процес и образовните операции и да им се овозможи на студентите високо квалитетно образовно и практично искуство;
4. Да се овозможи развој на сите факултети и да создаде можности за персонален развој и надградба на кадарот;
5. Да се воспостават кооперативни врски со интернационални образовни институции, со цел да го негува академскиот развој;
6. Пренесување на научни и стручни, знаења и вештини;
7. Изведување на научни и истражувачки активности.

Во остварувањето на својата мисија, универзитетот секогаш се определува за следните трајни вредности:

- современ концепт на организација на наставата;
- висок квалитет и стандард во реализацијата на деловните процеси, интензивна меѓународна соработка, и
- поврзување со сите значајни учесници на националното и меѓународното опкружување.

Приоритетна задача на универзитетот е да го подготви образовниот процес, т.е. професионализација и специјализација на студиите, со помош на меѓусебна соработка со други слични по дејност високообразовни и научни институции, како и образување на компатибилност со развојните насоки во европското високо образование.

Стратегијата на ЕУ Скопје за спроведување на неговата мисија е насочена кон долгорочно одржување и продолжување со понуда на квалитетно образование. Предностите на универзитетот, во однос на конкурентните универзитети се големи. Така, тој ги задоволува високите академски, професионални и технички критериуми и услови за модерно студирање според европски стандарди. Универзитетот негува еден целосно нов и поинаков пристап кон студентите и кон стекнувањето знаење. Академскиот кадар е посветен на студентите. Тие освен квалитетна настава и вежби, се здобиваат со широки знаења, остваруваат секојдневна комуникација со професорите, разменуваат знаења, мислења и идеи, имаат пристап до домашна и странска, најнова и популарна литература, учествуваат во научни и истражувачки проекти и студираат во пријатно окружување.

Работата на ЕУ Скопје може да се оцени како солидна и успешна ако се земат во предвид сложените услови во опкружувањето во високото образование и конкуренцијата од државните и другите приватни универзитети.

## 3.2. Опременост на ЕУ Скопје

ЕУ Скопје опфаќа една зграда, која се користи од сите факултети. Последната реконструкција (адаптација) на зградата била во периодот од 2011-2015. Зградата има асеизмички стандарди, а материјалот од кој е изграден конструктивниот носечки систем на зградата е бетон и армиран бетон. Зградата има хидро-изолација, поединечни системи за климатизација (во простории), и од инсталирани безбедносни системи има: против пожарна заштита, видео надзор (камери) и аларми. Начинот на затоплување на просториите во зградата е централно греење од јавна мрежа.

Зградата има вкупно 40 наставни простории, со вкупна површина од 3,108 $м^2$. Од тоа, 2 амфитеатри со површина од 344 $м^2$, 17 предавални со површина од 1,249 $м^2$, 5 простории со компјутерска опрема со површина од 245 $м^2$, 1 библиотека со површина од 106 $м^2$. Еден амфитеатар во опсегот од 101-150 $м^2$ и друг амфитеатар во опсегот од 151-200 $м^2$, 5 предавални во опсегот од 41-50 $м^2$ и 12 предавални над 70 $м^2$. Просечната површина на вкупните наставни простории по еден студент изнесува повеќе од 9 $м^2$.

Универзитетот работи на простор од повеќе од 17,000 $м^2$ вкупна површина во која влегуваат 2 амфитеатари, 17 предавални, 5 високо софистицирани компјутерски лаборатории, и студија за изведување на наставата по графички дизајн, дизајн на ентериер, и моден дизајн (опремена со најсовремени машини за шиење и маси за кроење), како и посебен Универзитетски стоматолошки клинички центар на кој се изведува настава на Факултетот за стоматологија.

Факултетите располагаат со најсовремени помагала и техничка подршка за изведување на предвидените програми како: компјутери, сервери, принтери, скенери, веб камери,

LCD-проектори, графоскопи, фотокопири, телевизори. Универзитетот располага со лаптоп и десктоп компјутери, неколку сервери, видео проектори, и специјализирана хардверска опрема за идниот систем за далечинско учење. Универзитетот користи и бројни софтверски решенија.

Целокупната опрема и просториите на универзитетот се во функција на студентите, наставниците и административниот кадар. Предавалните се оспособени за работа во групи, не поголеми од 50 студенти. Информатичките простории се приклучени 24 часа на интернет и со тоа им се овозможуваат на студентите неопходните услови за научни истражувања и реализација на проектни задачи. Секоја предавална е снабдена со компјутер, поврзан со LCD-монитор и аудио-визуелна камера што овозможува современа изведба на наставата и истовремено следење на наставата преку интернет.

На универзитетската web страна повеќето од текстовите и информациите за факултетите, наставничкиот и соработничкиот кадар се ажурни, сите страни имаат англиски преводи со посебни линкови за интернационални студенти. За полесен и поедноставен начин на пријавување испити, за студентите се обезбедени монитори поврзани директно со студентски прашања. Наставничкиот и соработничкиот кадар имаат свои кабинети со што им се обезбедени услови за работа и прием на студентите. Универзитетот исто така располага со современ систем на обезбедување.

Наместо огласни табли за подобро информирање на студентите инсталирани се електронски уреди со надворешни монитори за секој факултет посебно, а информациите кои се однесуваат на наставата, испитите, полагањето на колоквиуми и испити се објавуваат на интернет со што секој студент во секое време има пристап до потребните информации.

Европскиот универзитет Скопје располага со сопствена библиотека во која има 2280 книги, учебници и учебни помагала, енциклопедии, прирачници, лексикони од автори од земјата и од странски автори. Книгите главно се обезбедени за покривање на наставата по предметите кои се изучуваат на одделните факултети на универзитетот. Библиотеката е систематски средена според насловите на книгите и според авторите и истите им стојат на располагање на студентите. Библиотеката располага и со современа читална каде студентите можат да ги користат книгите за подготвување на колоквиумите и испитите. Студентите воглавно ги користат книгите од библиотеката и за подготвување на дипломски и магистерски трудови. За оваа намена се користат пред се книгите од странски автори. Поголемиот број на книги се од автори кои работеле и кои сеуште работат на Европскиот универзитет Скопје како наставници. Секој предмет од студиските програми е покриен со соодветна литература од наставниот кадар на универзитетот. *Може да се истакне дека ЕУ Скопје располага со солиден и различен фонд на литература која им е потребна на студентите за подготвување на испитите*.

## 3.3. Наставни програми на ЕУ Скопје

Европскиот универзитет Скопје ги опфаќа следните факултети:

- Факултет за економски науки (ФЕН),
- Факултет за информатика (ФИ),
- Факултет за арт и дизајн (ФАД),
- Факултет за правни науки (ФПН),
- Факултет за детективи и криминалистика (ФДК),
- Факултет за стоматологија (ФС)
  (заедно со Стручна школа за Забни техничари).

Стремежот на **Факултетот за економски науки (ФЕН)** е академскиот успех и за таа цел тој нуди студии од областа на: финансиско банкарство, маркетинг, бизнис менаџмент, како и менаџмент во здравството и фармацијата за втор циклус на студии. Мисијата е да се подготват студентите за успешно интегрирање во натпреварувачкото и променливото пазарно друштво.

**Факултетот за информатика (ФИ)** обезбедува образование за студентите од областа на компјутерските науки и информатичките технологии, т.е. на софтверско инженерство, програмирање, компјутерски мрежи и комуникации, администрација на бази на податоци, web дизајн и мултимедија. Ова се постигнува преку модерните студиски програми.

Мисијата на **Факултетот за детективи и криминалистика (ФАД)** е да обучи специјализиран персонал од дизајнери, кои ќе го имплементираат нивното знаење како едно креативно изразување во три главни арт оддели: графички, моден и ентериер дизајн. Идните дипломирани студенти ќе бидат квалификувани за еден подобар натпревар на европските пазари.

Мисијата на **Факултетот за правни науки (ФПН)** е да обезбеди образование со висок квалитет од областа на правото. Факултетот нуди основен вовед во концептот на правото, неговото усвојување од студентите, развој на нивната креативност, и ги подготвува за практична примена на регулативите.

Основањето на **Факултетот за детективи и криминалистика (ФДК)** за создавање на професионалци во областа е од огромно значење, посебно земајќи ја во предвид потребата за зацврстување на капацитетите за спречување на криминалот, како и за отворање на детективски агенции, кое беа ретки заради недостатокот од соодветни високообразовни институции за обука на студентите во идни професионалци.

**Факултетот за стоматологија (ФС)** се стреми да им овозможи на студентите (идните стоматолози) ефикасно и професионално да го применат нивното знаење во областа на превентивната, лекувачката и обновувачката стоматологија. Поради тоа, наставната програма ги обезбедува студентите со неопходното знаење од фундаменталните образовни дентални дисциплини, како и од областите од другите медицински науки. Со други зборови, наставната програма содржи предмети што се изучуваат на сродни универзитети од Европската Унија.

Профилот на ЕУ Скопје, каде се дадени: општиот преглед за ЕУ Скопје и воведните забелешки за прв и втор циклус на студии, како и ранкингот на ЕУ Скопје во ***QS World University Rankings: EECA (Emerging Europe and Central Asia)*** регионот, исто така се наоѓа на web страната:

www.TopUniversities.com/universities/european-university-skopje.

*Quacquarelli Symonds (QS)* е компанија, со седиште во Лондон, Англија, специјализирана во анализата на високо образовните институции во светот. Нивната web страна за рангирање *TopUniversities.com* е #1 web страна за глобално високообразовно рангирање, со 170+ милиони прегледи годишно и една светска публика од потенцијални додипломски и постдипломски студенти кои бараат меѓународни дестинации за студирање.

Профилот на ЕУ Скопје, каде се дадени: прегледот и мисијата на ЕУ Скопје, како и ранкингот на ЕУ Скопје на ***Round University Ranking (RUR)***, исто така се наоѓа на web страната:

https://RoundRanking.com/universities/european-university-skopje.html.

*RUR* е рангирање на *светски* универзитети, објавено од *RUR Rankings Agency*, со седиште во Москва, Русија. Сите податоци се добиени од ***Clarivate Analytics***, кое е дел од ***Web of Science***.

Студиските програми на одделните факултети при Европскиот универзитет Скопје последно се акредитирани според моделот на студии 4+1 во 2018 година, според кои се одвива наставата почнувајќи од учебната 2018/2019 година. Се уште се во тек завршните години од студиите според моделот 3+2. На Факултетот за правни науки се акредитирани според законски решенија – 180 кредити звање правник, 240 кредити звање дипломиран правник, 300 кредити звање магистер по право.

Студиските програми на факултетите со моделот 4+1 на студии се прилагодени според потребите на студентите да се здобијат со 240 ЕКТС + 60 ЕКТС кредити со што успешно ќе можат да конкурираат за работа во сите државни и приватни организации. Студиската програма на Факултетот за стоматологија е во траење од пет години со 300 ЕКТС, додека на Стручната школа за забни техничари е во траење од три години со 180 ЕКТС.

Студиските програми кои ги слушаат студентите се поделени по факултети, и се поставени на web страната на Европскиот универзитет Скопје: www.eu.edu.mk.

Студиските програми на единиците во состав на Европскиот универзитет Скопје според содржината и резултатите му овозможуваат на студентот да се воведе во академските дисциплини во научните области кои се изучуваат на соодветниот факултет преку вклучување на теории и методи за да може да се стекне со широки академски знаења и вештини. Тие исто така му овозможуваат на студентот академски знаења, теоретски и методолошки квалификации кои што го оспособуваат за самостојно идентификување, формулирање и решавање на сложени проблеми во рамките на соодветните составни делови на предметните области.

Содржината на студиската програми за првиот циклус на академски студии на Европскиот универзитет Скопје има дури 80% совпаѓање на содржините и исходите од учењето со слични студиски програми на универзитети кои се наоѓаат на првите 50 места од соодветната област според ранг листата која ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот Џиао Тонг Универзитет од Народна Република Кина, освен за слободно изборните предмети.

Може да се оцени дека Европскиот универзитет Скопје има солидни современи студиски програми и дека наставата ја изведува според програми кои се целосно усогласени со Законот за високото образование кои им нудат на студентите студирање според европскиот систем на учење и стекнување на знаења за конкурентност на завршените студенти од овој универзитет на пазарот на труд во Европа и пошироко.

Во Табела 1 е даден вкупниот број на студенти на ЕУ Скопје, за секој факултет посебно, во периодот од учебната 2016/17 година до учебната 2018/19 година. Потоа, за секоја учебна година, се дадени: ново запишани студенти на 1 циклус на студии, вкупно дипломирани студенти, ново запишани студенти на 2 циклус на студии, и вкупно магистрирани студенти.

## 3.4. Наставно-научен кадар на ЕУ Скопје

Наставна и научно-истражувачка дејност на Европскиот универзитет Скопје остваруваат лица избрани во наставно-научни звања, наставно-стручни звања и соработнички звања.

Високообразовна дејност на универзитетот може да врши само лице избрано во наставно-научно звање за времето за кое е избрано. Високообразовна дејност за втор циклус студии и за докториски студии може да врши лице избрано во наставно-научно звање, согласно со одредбите од Законот за научно-истражувачка дејност, според еквивалентноста на звањата утврдени со Законот за високото образование.

| Европски Универзитет Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| **Учебна година** | **2016/17** | **2017/18** | **2018/19** |
| **Вкупно студенти на ЕУ Скопје - 1 циклус -** | **697 (238)** | **681 (259)** | **504 (221)** |
| ФЕН | 82 (25) | 94 (32) | 74 (28) |
| ФИ | 33 (6) | 45 (12) | 30 (9) |
| ФАД | 63 (47) | 76 (57) | 66 (49) |
| ФПН | 185 (49) | 43 (19) | 43 (23) |
| ФДК | 126 (36) | 142 (32) | 109 (34) |
| ФС | 208 (75) | 281 (107) | 182 (78) |
| **Нови студенти на додипломски студии** | **163** | **133** | **95** |
| **Вкупно дипломирани студенти на ЕУ Скопје** | **226 (62)** | **157 (58)** | **135 (47)** |
| ФЕН | 12 (7) | 22 (8) | 25 (7) |
| ФИ | 4 (-) | 9 (2) | 4 (-) |
| ФАД | 2 (1) | 10 (6) | 12 (9) |
| ФПН | 163 (36) | 30 (15) | 19 (10) |
| ФДК | 20 (8) | 40 (9) | 31 (5) |
| ФС | 25 (10) | 46 (18) | 44 (16) |
| **Нови студенти на постдипломски студии** | **62** | **73** | **37** |
| **Вкупно магистрирани студенти на ЕУ Скопје** | **83 (32)** | **50 (20)** | **62 (32)** |
| ФЕН | 29 (13) | 16 (8) | 28 (17) |
| ФИ | 13 (3) | 2 (-) | 6 (-) |
| ФАД | 4 (2) | 1 (1) | - |
| ФПН | 23 (10) | 15 (5) | 23 (14) |
| ФДК | 14 (4) | 16 (6) | 5 (1) |
| ФС | - | - | - |

Табела 1. Приказ на бројот на студенти на ЕУ Скопје, за секој факултет посебно, во периодот од учебната 2016/17 година до учебната 2018/19 година (даден е вкупниот број на студенти, од машки и женски пол, а во заграда е даден бројот на студенти од женски пол).

На факултетите на Европскиот универзитет Скопје, лицата се избираат во наставно-научните звања:

- доцент,
- вонреден професор, и
- редовен професор.

На факултетите на универзитетот се избираат и лица во научни звања:

- научен соработник,
- виш научен соработник, и
- научен советник.

На факултетите на универзитетот се избираат и лица во наставно-стручни звања:

- лектор, и
- виш лектор, за изведување настава по јазик.

На факултетите на универзитетот се избираат лица и во звања:

- насловен доцент,
- насловен вонреден професор.

На одредени факултети, по покана од наставно-научниот совет на факултетот, наставници од други акредитирани високообразовни установи, како гости, без распишување на конкурс, извршуваат високообразовна дејност за определено време, т.е. како визитинг наставници.

Наставниците, соработниците и демонстраторите, засебно за секој факултет при ЕУ Скопје, исто така се поставени на web страната на Европскиот универзитет Скопје: www.eu.edu.mk.

## - Научно-истражувачки проекти

ЕУ Скопје е дел од ***Erasmus+*** програмата, остварува размена, соработка, студентска и академска мобилност, и има потпишано меѓу-институционални договори за соработка со многу странски универзитети (особено се истакнува студентската мобилност, која започна интензивно од 2016 година, како и академската мобилност, која исто така се реализираше од 2016 до 2019 година).

Универзитетот (претставен преку ФЕН, ФИ и ФДК) е координатор на KA203 – Erasmus+ проектот: „*CIRCECO*“, кој вклучува 5 институции (од високото образование и граѓанското општество), за креирање на online магистерски студии во областа на Циркуларната економија, каде се вклучени партнери од 3 земји од Европската Унија (Латвија, Словенија и Хрватска). Проектот го опфаќа периодот од почетокот на 2017 година до крајот на 2019 година.

Факултетот за економски науки учествуваше во проектот: „*Вовед во политиките и практиките на една компанија за подобрување на вработливоста и инлузивноста на лица со посебни потреби*“. Проектот е подржан со грант од Националната програма на Европската Унија за помош при транзиција, Инструмент за претпристапна помош (ИПА) фонд – Instrument for pre-accession assistance (IPA), Охрид, 2017 година.

Факултетот за арт и дизајн учествуваше во проектот: „*Дизајн пракса*“, во рамките на Erasmus+ програмата во академската 2016/17 година, во соработка со Јавна соба и Завар, заедно со партнери од Хрватска и Австрија.

## - Стручно-уметнички проекти

Следните проекти беа реализирани од страна на Факултетот за арт и дизајн:

- Проект „*Природата нѐ повикува*“, во рамките на фестивалот Скопје Креатива (2017 година) (Национално признание за успешно спроведени општествено одговорни практики за проектот „Природата нѐ повикува“ на Скопје Креатива, Министерство за економија на РМ).
- Проект „*Дете и простор*“, инсталација во простор, МКЦ Скопје, во рамките на фестивалот Скопје Креатива (2018 година).
- Проектот „*Леа Смеа*“, интерактивна сликовница, МКЦ Скопје, во рамките на фестивалот Скопје Креатива (2018 година).

Факултетот за арт и дизајн *секоја година* во периодот од 2016 до 2019 година учествуваше на *Моден викенд Скопје*, со своја студентска ревија. Во 2019 година, овој настан се одржа во просториите на Европскиот универзитет Скопје, каде се претстави со студентската ревија „Ив Сен Лорен и јас“.

## - Публикациска дејност

Универзитетот развива и потпомага различни публикациски активности, со цел да постигне поголема ефикасност на полето на науката и истражувањето. Почнувајќи од 2017 година, два пати годишно се издава: ***Меѓународното Списание за Наука и Уметност – ИДЕЈА***, каде се објавуваат трудовите презентирани на *меѓународната годишна конференција*, која се одржува *секоја година* во просториите на Европскиот универзитет Скопје. Сите броеви се достапни на линкот:

https://www.eu.edu.mk/publikacii/

ЕУ Скопје ги има објавено следните зборници од трудови:

- „Жената во современото општество“, уреден од ФПН при ЕУ Скопје (2018 година).
- „Улогата на иновациите како развоен двигател“, уреден од ФЕН при ЕУ Скопје (2019 година).

Исто така, во периодот од 2016 до 2019 година, ЕУ Скопје има објавено повеќе учебници изработени од академскиот кадар на универзитетет, кои ги покриваат предметните наставни програми.

Афирмацијата на наставно-научниот кадар се остварува со учество на семинари, симпозиуми и конференции во земјата и во странство, и со објавување на научни и стручни трудови во домашни и странски списанија.

Од посебно значење се објавените научни трудови во списанијата индексирани во ***Web of Science SCIE/SSCI*** и ***Scopus*** базите на индексирање, *секоја година* во периодот од 2016 до 2019 година.

# 5. Квантитативен преглед на резултатите

## 5.1. Анализа на општиот прашалник за ЕУ Скопје

Во Табела 2 е даден бројот на запишани студенти во академската 2019/20 година и бројот на анкетирани студенти во периодот од 16.12.2019 до 27.12.2019.

